25563

НОВА МАКЕДОНИЈА

ГОДИНА XXXV — БРОЈ 11752 СКОПЈЕ, СРЕДА 10 ОКТОМВРИ 1979 ГОДИНА

# ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ »11 ОКТОМВРИ«

## ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ВО ОБЛАСТА НА НАУКАТА СЕ Д-Р ПЕТРО ЈАНУРА, ИНЖ. ТИБЕРИЕ КИРИЈАС, АКАДЕМИКОТ БЛАЖЕ КОНЕСКИ И Д-Р ИНЖ. ХРИСТО СТАМБОЛИЕВ. — НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ВО ОБЛАСТА НА УМЕТНОСТА ИМ Е ДОДЕЛЕНА НА МАРИЈА СКАЛОВСКА, ПРВЕНКА НА ОПЕРАТА ПРИ МНТ И НА АЦО СТЕФАНОВСКИ, АРТИСТ ВО НАРОДНИОТ ТЕАТАР ВО БИТОЛА

Одборот за доделување на наградата „11 Октомври", највисокото републичко признание што се доделува за особено значајни остварувања во науката и уметноста од интерес за Социјалистичка Република Македонија, по својата последна седница ги соопшти имињата на носителите на годишните признанија.

Добитници на наградата „11 Октомври" за најдобри трудови и остварувања во 1979 година во областа на науката се: д-р **Љупчо Серафимов**, професор на Медицинскиот факултет во Скопје, за теоретски и практичен придонес во функционалната реконструктивна хирургија на колкот и **Мице Миов**, висококвалификуван електричар во Железничко-транспортната организација во Скопје — ООЗТ Погон влеча на возови, за технички решенија и новаторства.

Наградата за животно дело за долгогодишно создавање со осведочени вредности во науката им е доделена на: д-р **Петро Јанура**, професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, инж. **Тиберие Киријас**, професор на Градежниот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје во пензија, академикот **Блаже Конески**, професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и д-р инж. **Христо Стамболиев**, професор на Технолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје.

Во областа на уметноста, наградата за најдобри едногодишни остварувања ја добија: драмскиот режисер **Слободан Унковски** од Скопје, за режијата на претставата „Ослободување на Скопје" од Душан Јовановиќ, во изведба на Драмскиот театар од Скопје и диригентот **Драган Шуплевски** од Скопје, за концертот одржан на фестивалот Охридско лето во август 1978 година.

Наградата за животно дело за долгогодишно создавање и осведочени вредности во уметноста им е доделена на: **Марија Скаловска**, првенка на Операта при Македонскиот народен театар во Скопје, во пензија, и на **Ацо Стефановски**, артист во Народниот театар во Битола.

Од организациите на здружен труд, наградата за долгогодишни особени остварувања во областа на уметноста ја доби **Музејот на современата уметност во Скопје**.

За поединци за најдобри едногодишни остварувања наградата изнесува 20.000 динари, за поединец за животно дело 30.000 и за организација на здружен труд 50.000 динари. **(В. М.)**